BOSCH




# Важна безбедносна напомена

**Доброволното повлекување од безбедносни причини на уредите за брусење од сериите PSS 2, PSS 20, PSS 190, PSS 200, PSS 250 и PSS 2000 – ги засега уредите произведени во периодот од јуни до крајот на август 2007 година +++ Уредите од сега не смеат да се користат или да се предадат на други лица.**

Bosch Power Tools придава најголема важност на квалитетот и безбедноста на своите производи. Задоволството на корисниците за нас е на прво место. Затоа, би сакале да Ве информираме за доброволната мерка од безбедносни причини.

При нашата редовна контрола на квалитетот констатирано е, дека кај ограничен број на уреди за брусење се појавува материјална грешка на пропелерот. Со тоа би можело да се скрши куќиштето и да се исфрлат деловите. Не може да се исклучи предизвикување на повреди. Освен тоа, би можело да бидат откриени компоненти под напон, при што во екстремен случај би можело да дојде до електричен удар опасен по живот. Всушност нам не ни се познати такви случаи.

За исполнување на нашата одговорност кон клиентот, одлучивме, засегнатите уреди превентивно да ги повлечеме и да ги замениме со нови. Ова замена, се разбира, за корисниците е бесплатна.

**Засегнатите уреди за брусење од сега не смеат да се користат или да се предадат на други лица.** Доколку засегнат уред сте отуѓиле или предале на друго лице, Ве молиме, во најкус временски рок оваа безбедносна напомена да ја препратите на лицето на кое сте го предале уредот, за да се осигура, дека засегнатите уреди нема повеќе да се употребуваат.

Засегнати се уреди од сериите PSS 2, PSS 20, PSS 190, PSS 200, PSS 250 и PSS 2000, кои се произведени од јуни до крајот на август 2007 година. Тие јасно се идентификуваат со серискиот број:

| Модел | Број на уред | Сериски број |
|---|---|---|
| PSS 2 A | 3 603 C40 040 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 20 A | 3 603 C40 040 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 190 AC | 3 603 C40 101 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 200 A | 3 603 C40 000<br>3 603 C40 040<br>3 603 C40 050<br>3 603 C40 070 | 786xxxxxx - 788xxxxxx<br>786xxxxxx - 788xxxxxx<br>786xxxxxx - 788xxxxxx<br>786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 200 AC | 3 603 C40 100 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 250 A | 3 603 C40 201 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |
| PSS 250 AE | 3 603 C40 200<br>3 603 C40 240<br>3 603 C40 270 | 786xxxxxx - 788xxxxxx<br>786xxxxxx - 788xxxxxx<br>786xxxxxx - 788xxxxxx |

| | | |
|---|---|---|
| PSS 2000 A | 3 603 C40 040 | 786xxxxxx - 788xxxxxx |

Моделот како и бројот на уредот и серискиот број може да се прочита на спецификационата плоча како што следи:




Bosch Power Tools жали за настанатите проблеми во квалитетот и им се извинува на сите засегнати корисници.